| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Промени во природата во есен |
| **Содржина на денот** | Печатење на есенски лисја |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Буш-Бошњакоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на хигиенски навики за безбедност за нашето здравје. Стекнување рутина за правилно миење на рацете после секоја активност на соодветна песна. |
| **Активности** | Со децата излезете на кратка прошетка во блискиот парк. При прошетката со децата насочете го нивното внимание кон промените во природата кои настанале (дува ветер, врне дожд, сонцето е повисоко на небото, времето е се постудено...), со поголем акцент на дрвјата и лисјата (промена на бојата, некои лисја се исушиле и паднале на земјата, тревата). Искористите ја прошетката за собирање на паднати лисја во различни бои.<br>Кога ќе дојдете дома измите ги рацете и земете лист од блок или бел компјутерски лист и заедно со детето нацртајте контура на дрво.<br>Во посебни тањирчиња растворете темперни бои во боите на паднатите листови кои ги собравте. Детето со прст, поттикнете го да ја набои контурата на дрвото за да потоа ги испечати со прстот паднатите лисја од дрвото кои ги видело во парк. По користење на секоја боја дајте му влажно марамче со кое самото ќе си го избрише прстот. По завршување на печатењето заеднички со детето измијте го приборот со кој сте работеле и рацете. Исушете ги детските ликовни творби и истакнете го на видно место. |